Ѓигиче

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

08 -11- 2022 Бр./Nr. 18-13340/2

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 30 став (3) и став (6) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерката за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за изменување на дел од наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар**

1.Со ова Решение се изменува дел од наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар, и тоа:

„Воспитно-образовната работа по наставниот предмет информатика во основното образование може да ја изведува лице кое завршило:

- информатика VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, наставна насока;
- математика-информатика, VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС , наставна насока;
- информатика и техничко образование, VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС , наставна насока;
- информатика VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, применета насока, со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;
- компјутерска едукација, компјутерски науки, компјутерско инжинерство, примена на информациски технологии, софтврско инженерство, Интернет, мрежи и безбедност и информациски системи, компјутерско системско инжинерство, автоматика и роботика;компјутерски технологии и инженерство, компјутерско хардверско инженерство и електроника, телекомуникации и информациско инженерство VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;
- завршени студии од областа на информатиката, информациските или информациско - комуникациските технологии на акредитираните високообразовни установи во Република Северна Македонија или во странство, VII/1 или VIA или МРК и 240 ЕКТС, со педагошко-психолошка и методска подготовка стекната на акредитирана високообразовна установа;.“

2.Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 30 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Согласно ставот (6), со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.

Заради зголемената потреба од наставен кадар по наставниот предмет по информатика, Бирото за развој на образованието со допис бр.08-17/87 од 02.11.2022 година, доставен до Министерството за образование и наука, предложи изменување и дополнување на наставната програма по информатика во основното образование во делот на нормативот за наставен кадар.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Doc. Dr. Jeton Shaqiri

**Доставено до:**
**-Сектор за основно образование**
**-Биро за развој на образованието**
**-архива**

подготвил: Ѓорѓи Пандериев
контирлирал:Милка Масникоса
одобрил:Елена Ивановска
согласен:Маја Бичиклиска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 28. 11. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. Nj.org | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 08 | 17/97 | 1 | |